52329



МУЗЕЈ НА СОВРЕМЕНАТА УМЕТНОСТ

# Влагата ги откажа изложбите на Пикасо и на Солаж

## Привремени решенија нема да го решат проблемот со прокиснувањето

ВЕСНА ИВАНОВСКА

Музејот на современата уметност пропуштил две шанси да претстави во Скопје ексклузивни изложби од светски познати уметници зашто музејската зграда е сосема уништена. Ретроспектива на творештвото на Пјер Солаж - еден од најстарите живи легенди на француската уметност и цртежи од познатиот Пабло Пикасо не се изложени поради влагата во галериите, која се создава од дождовите што се слеваат низ покривот. И нашиот познат уметник Душан Перчинков повлекол дел од сликите од својата ретроспективна изложба, која неодамна беше отворена во МСУ.

- Поради тоа пропаѓаат многу проекти. За да донесете ексклузивна изложба, треба да исполнувате некакви стандарди - системи за професионално осветлување, озвучување и електронска заштита, константна температура и влажност во просторијата. Како да изложиме цртежи од Пикасо, кога се осетливи на влага? Сличен беше и проблемот со Перчинков - вели Емил Алексиев, директор на МСУ.

Преговорите да се отвори ретроспективна изложба на Пјер Солаж, кој пред неколку децении подарил свои дела на Музејот завршиле со неуспех. Сличен бил епилогот на преговорите со Музејот на Пикасо во Париз да се донесе во МСУ патувачката изложба на 600 цртежи од славниот уметник.

Според Алексиев, Музејот на современата уметност е врвна специјализирана институција со просторен капацитет од 5.560 квадратни метри, од кои 3.600 се изложбен простор. Се користат само 360 квадрати - толку се опремени како галериски простор.

- Тој е еден од првите вакви музеи во регионот, во овој дел од Европа. Сè уште не е изграден објект сличен на него. Кога бил граден, било предвидено тој да опслужува публика од Јужна Србија, Бугарија, Северна Грција и од Албанија. Во него е депонирано бесценето уметничко богатство - вели Алексиев.

Според капацитетот и концепцијата, МСУ ги задоволува сите естетски и функционални потреби на специјализиран музеј од светски ранг. Но, поради влошената физичка состојба, се појавиле многу проблеми - приодите до музејот се руинирани и необележани, објектот речиси не е осветлен однадвор, покривот прокиснува и не може да се постави трајната поставка на уметнички дела, инсталациите се руинирани и има опасност од пожар, а веќе десет години не функционира громобранската инсталација, иако Музејот се наоѓа на највисоката кота во Скопје.

- Музејот на современата уметност е уништен во последните 30 години и мора целосно да се реставрира. Привремени решенија нема да го решат проблемот - вели Алексиев. За два месеца, МСУ ќе слави јубилеј - 40 години од основањето. Наскоро ќе биде промовирано и идејното решение за ревитализација на Музејот. ▪



Лошите услови одложија две светски изложб